**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ за периодот 2014-2016 година

Број 01-228/1 23.07.2013 година Скопје

Врз основа на член 6 став (1) од Деловникот за начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 01-4/1 од 26 ноември 2008 година, претседателот на Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 23.07.2013 година донесе

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ за периодот 2014-2016 година

Државната комисија за жалби по јавни набавки е самостоен државен орган со својство на правно лице. Надлежна е за решавање жалби во постапката за доделување на договори за јавни набавки,како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. Државната комисија обезбедува правна заштита врз основа на принципите на законитост, ефикасност, економичност и контрадикторност на постапката. Основана е со цел да се хармонизира системот на јавните набавки во Република Македонија со правниот систем на Европската Унија (ас^ijs соттипаи1аJге), а сето тоа во насока на приближување на Република Македонија кон Евро - атланските интеграции

Државната комисија за жалби по јавни набавки е конституирана со именувањето на претседателот и четирите члена со Одлука на Собранието на Република Македонија на 4 ноември 2008 година, а започна со работа со одржување на својата Прва седница на ден 26 ноември 2008 година. Државната комисија одлучува на седници со мнозинство гласови на членовите, а членот не може да се воздржи од гласањето. Седниците на Државната комисија ги свикува и со нив раководи претседателот, а во негово отсуство заменик - претседателот, кој се бира до редот на членовите на Државната комисија. За својата работа Државната комисија поднесува писмен извештај еднаш годишно до Собранието на Република Македонија.

## Изјава на визијата

*Визија* на Државната комисија за жалби по јавни набавки, е да придонесе за засилување на целокупниот систем на јавни набавки, преку квалитетна и транспарентна работа.

## Изјава на мисијата

*Мисија* на Државната комисија е да обезбеди брза, објективна и ефикасна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. Правната заштита е достапна во сите фази на постапката за доделување договори за јавни набавки, од објавата на огласот до доделувањето на договорот за јавна набавка.

Ваквата правна заштита го промовира одржувањето и развојот на системот на јавни набавки заснован на принципите на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и на рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Оваа своја мисија Државната комисија ја остварува, пред се, преку спроведување на Законот за јавните набавки, при што се потврдува дека тој е реално и практично остварлив, во чекор со современите потреби и реформските текови во Република Македонија.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕНИ ЦЕЛИ

Државната комисија пред себе постави среднорочни стратешки приоритетни цели и активности за реализација на поставените стратешки цели, кои треба да бидат реализирани во периодот 2014-2016 година. Тие стратешки приоритетни цели се:

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЈ1:1** Решавање на жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин

***Активност:*** 1.1 Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија

***Активност:*** 1.2 Надградба и одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки

***Активност:*** 1.3 Обезбедување медиумско/јавно претставување и правилно разбирање на улогата на Државната комисија и нејзиното значење во системот на јавните набавки;

***Активност:*** 1.4 Учество во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа);

***Активност:*** 1.5 Учество во подобрувањето на правната рамка кој го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија ;

***Активност:*** 1.6 Интегритет и Антикорупциски мерки.

***Активност:*** 1.7 Имплементација на ИСО стандарди за квалитет 9001:2008.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:2** Воспоставување, развој и одржување на сопствен информационен систем за планирање и управување со ресурсите на Државната комисија.

***Активност:*** 2.1 Систем за управување со документи (PMS, ДМС - документ менаџмент систем);

***Активност:*** ***2.2*** Управување со човечки ресурси (УЧР - HPM);

***Активност:*** 2.3 Финансиско - материјално работење.

Овие цели на ќе придонесат за воспоставување на еден поефикасен и поквалитетен систем на јавни набавки во Република Македонија.

Тие ќе не направат да станеме поцврсти и подобри во своите вештини и знаења, затоа што сме сигурни дека тие цели ќе ни послужат правилно

да ја процениме нашата енергија и способноста да се организираме подобро, и да делуваме поефикасно.

## Опис на Државната комисија

Државната комисија е самостоен државен орган, надлежен за решавање на жалбите изјавени во постапките за доделување договори за јавни набавки. Државната комисија е составена од претседател и четири члена кои се именувани од Собранието на Република Македонија на мандат од пет години. Државната комисија има Стручна служба во која се вработени државни службеници. Државната комисија е организирана во два сектори и седум одделенија (две независни), со вкупно систематизирани 49 работни места. До 2013 година пополнети се 10 работни места или 20,41 % од вкупно систематизираните работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места на Државната комисија.

## Програми (активности) за остварување на приоритетните цели

Во ова поглавје презентирани се Програмите (Активностите) за остварување на приоритетните стратешки цели на Државната комисија, кои исто така се компатибилни со приоритетите на Владата на Република Македонија за реализација на обврските од Акцискиот план за Европско партнерство, аранжманите со Европската комисија и активностите што произлегуваат од континуитетот на процесите на реформата на внатрешниот пазар во Република Македонија.

На соодветен начин се презентирани врските на секоја Програма (Активност) со среднорочните цели и приоритети на Државната комисија. Понатаму, презентирани се и врските со законските надлежности на Државна комисија за жалби по јавни набавки, вклучително клучните резултати и индикатори за постигнувањето, како и Акциониот план за спроведување на Стратешкиот план на Државната комисија.

## Приоритетна цел: 1.

**Решавање на жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин**

Државната комисија е основана со цел да решава жалби изјавени во постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. Постапките за доделување на договори за јавни набавки.концесии и јавно приватно партнерство се засноваат на комплексна и строга законска процедура, релативно постојана, односно непроменлива, нераскинливо поврзана со буџетската фискална година на субјектот носител на јавната набавка. Поради сета оваа комплексност на постапките за доделување договори за јавна набавка, а особено нејзината поврзаност со извршувањето на едногодишниот буџетски циклус, од суштествено значење за развојот на целиот систем на јавните набавки

е, целиот процес на донесување на одлуки на Државната комисија да трае што е можно пократко.

Правната заштита во постапките за доделување договори за јавна набавка, почитувајќи ги основните процедурални принципи, мора да биде брза, особено заради суспензивниот карактер на жалбата, односно неможност за извршување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка до донесувањето на одлуката од страна на Државната комисија, во светло на навремено извршување на буџетот на договорниот орган.

Постапувањето на Државната комисија по изјавената жалба во постапките за доделување договор за јавна набавка, треба да биде јавна, односно учесниците во ниту еден момент да не се сомневаат во нејзината објективност и законитост. Тоа ќе се постигне преку овозможување увид во сите фази на постапката, јавно објавување на примените предмети, детално образложение на сите причини за донесување одлуката и јавно објавување на одлуките на Државната комисија.

## Активност: 1.1

Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија

Стручниот дел од Државната комисија, кој се состои во постојано вработени државни службеници (раководни, стручни и стручно административни државни службеници), а особено советниците за решавање жалби по јавни набавки кој по професија се дипломирани правници, во својата работа се судираат со многу комплицирана жалбена процедура, со екстремна правна комплексност. Во насока на оваа комплицирана жалбена постапка која бара сестрано правно познавање, како и поради огромниот број изјавени жалби пред Државната комисија, нивната издржливост во стресни ситуации е од голема важност. Легислативата во нашата држава многу често се менува, а согласно принципот на законитост Државната комисија мора сите позитивни прописи да ги имплементира во праксата.

Затоа, Државната комисија има неодложна потреба од зајакнувањето на сопствените човечки ресурси односно вработување на нови кадри т.е пополнување на барем уште едно работно место - помлад соработник во Одделението за решавање жалби по јавни набавки од единиците на локалната самоуправа, градот Скопје и јавните претпријатија, а кое е кои се потребно за да може адекватно да одговори на постојано растечкиот тренд на бројот на изјавените жалби.

Истотака, Државната комисија има потреба од вработување на државен службеник и во Одделението за информатички системи, како би можела да се осамостои комплетно во својата работа во доменот на информатиката.

## Резултати

1.1.1 Специјално организирани семинари

Одржување на специјализирани семинари каде целна група би биле членовите на Државната комисија и стручните советници. Темите на специјализираните семинари би биле определени по претходно истражување внатре помеѓу вработените во Државната комисија.

1.1.2 Пост - дипломски студии

Членовите на Државната комисија и стручните советници би се охрабрувале да продолжат со пост - дипломски студии на релевантни стручни полиња, а особено на полето на јавните набавки.

1.1.3 Конференции и семинари

Членовите на Државната комисија и стручните советници би учествувале на конференции и семинари кои се одржуваат во земјата или странство, кои за тема би ги имале јавните набавки, концесиите и јавното - приватно партнерство.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

> Број на одржани специјално организирани семинари за членовите на Државната комисија и стручните советници.

> Број на членови и стручни советници кои завршиле пост - дипломски студии на релевантни стручни полиња и на полето на јавните набавки.

> Број на конференции и семинари одржани во земјата и странство на кои учествувале членовите и стручните советници на Државната комисија.

## Активност: 1.2

Надградба и континуирано одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија, базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки

ВЕБ - страната претставува дво-насочна комуникација помеѓу претставниците на јавниот и приватниот сектор од една страна и на Државната комисија од друга страна. Државната комисија како независен државен орган кој е организиран на основа на судските тела, кој како својата главна улога има решавање на жалбите изјавени во постапките за доделување договори за јавни набавки, не е во состојба да дава одговори и да ги толкува начините на примена на одлуките за доделување на договорите за јавни набавки. Преку објавување на сите потребни информации на ВЕБ - страната, објавување на примените предмети на дневна основа, како и јавното објавување на донесените одлуки, транспарентноста на работата на Државната комисија значително ќе се зголеми.

Со воспоставувањето и одржувањето на ВЕБ - станата, преку јавното објавување на правната пракса од работењето на Државната комисија, се овозможува на претставниците на јавниот и приватниот сектор да доаѓаат до информациите за кои се заинтересирани, на соодветен начин, во реално време.

## Резултати

1.2.1 Објавување на Деловодната евиденција на примените предмети по жалби

Деловодната евиденција на примените предмети е јавна книга и секој кој има интерес може да има пристап до неа. Откако Деловодната евиденција на примените предмети на жалби по јавни набавки биде објавена на интернет, сите заинтересирани страни ќе можат да ги следат релевантните предмети по жалба од моментот на нејзиното изјавување, до донесување на одлуката.

1.2.2 Објавување на сите одлуки по жалби на Државната комисија

Сите донесени одлуки на Државната комисија ќе бидат јавно објавени преку интернет ВЕБ - страната на Државната комисија, од моментот на потврдата на приемот на писмениот препис на одлуката од страна на учесниците во конкретната жалбена постапка. Државната комисија ќе ја објави целосно одлуката во POP - формат, генерално во рок од најмногу десет дена од приемот на одлуката преку пошта на учесниците во постапката.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

- Објавена Деловодна евиденција на интернет ВЕБ - страната на Државната комисија;
- Број на посетители на официјалната ВЕБ - страна;
- Тековно објавување на сите донесени одлуки на Државната комисија по повод изјавени жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки ;

## Активност: 1.3

Обезбедување на медиумско / јавно претставување и правилно разбирање на улогата на Државната комисија и нејзиното значење во системот на јавните набавки.

Државната комисија за жалби по јавни набавки како релативно нов орган, има потреба од соодветно јавно медиумско претставување. Ова е неопходно со оглед на голема улога која ја има Државната комисија во системот на јавните набавки, како и големите очекување во насока на заштита на правните интереси на учесниците во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Државната комисија има потреба од постојано претставување на својата работа пред јавноста кое ќе придонесе за правилно разбирање на улогата на Државната комисија во системот на јавните набавки.

## Резултати

1.3.1 Изработка на Стратегија за комуникација и јавно претставување

Потребно е да се изработи документ кој ќе ги даде идните насоки на комуникацијата на Државната комисија со релевантните фактори во системот на јавните набавки и истиот да се применува. Ова ќе помогне во обезбедувањето на зголемена транспарентност во работењето на Државната комисија, како и во информирањето и едукацијата во делот на правната заштита на сите учесници во постапките за доделување договори за јавни набавки.

1.3.2 Учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки

Претставници на Државната комисија треба да бидат присутни во јавноста преку организирани настапи во јавни дебати и со свои текстови во дневните и стручни списанија, како и со издавања соопштенија во јавноста за значајни новини и настани.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

- Стратегијата за комуникација и јавно претставување е донесена и промовирана;
- Број на учества во јавни дебати и објавени новински написи;

## Активност: 1.4

Учество во процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа)

Државната комисија претставува институција која што преку својата практична работа генерално го подобрува системот на јавни набавки во Република Македонија. Поради тоа, освен главната надлежност која ја има на полето на правната заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки, едукацијата на претставниците на јавниот и приватниот сектор е втора по важност активност на Државната комисија. Оваа голема потреба од едукација на полето на правната заштита, произлегува и од многу големиот број на изјавени жалби пред Државната комисија, кој сам по себе е индикатор дека говори за натамошна едукација е потребна на сите учесници во јавните набавки.

Државната комисија на полето на едукацијата посебно би се концентрирала на полето на второ - степената правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки.

## Резултати

1.4.1 Учество на членовите на Државната комисија и стручните советници како едукатори на приватниот и јавниот сектор на обуките организирани од страна на државните органи

Претставници на Државната комисија потребно е да земат редовно учество како едукатори во обуките кои го организира Бирото за јавни

набавки или поединечните државни органи на тема јавни набавки, каде би можеле да ја доближат постапката за правна заштита во јавните набавки пред учесниците на тие обуки.

1.4.2 Учество на членовите на Државната комисија и стручните советници како едукатори на обуките кои ги организираат претставници на приватниот и невладин сектор, со цел на обука и лиценцирање на идни едукатори

Претставници на Државната комисија потребно е да земат, исто така редовно учество како едукатори и на обуките кои ги организира приватниот сектор и невладините организации како би ја доближиле својата работа до нив, а воедно и би влијаеле на подобрување на целокупната состојба на полето на јавните набавки.

1.4.3 Едукативен пристап во писмените образложенија на одлуките на Државната комисија

Во образложението на секоја одлука на Државната комисија задолжително мора да се содржи детално осврт на сите жалбени наводи. Сите повреди на законот на кои Државната комисија внимава по службена должност, исто така мора да бодат детално образложени и објаснети. Сето ова треба да биде достапно и јавно за да можат сите договорниот орган во идните постапки да го инкорпорираат во своите одлуки за доделување договори за јавни набавки.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

- Број на одржани предавања;
- Број на учесници на одржаните обуки;
- Позитивна оцена на квалитетот на обуките;
    - Број на симнати електронски примероци од донесени одлуки.

## Активност: 1.5

Учество во подобрувањето на правната рамка кој го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија

Членовите и стручните советници треба да земат активно учество во процесот на подобрување на законската и под законска регулатива со која се уредува системот на јавни набавки во Република Македонија, а во иднина и на концесиите и на јавното - приватно партнерство. Во насока на развој на целокупниот систем на јавните набавки, надградбата на актуелниот Закон за јавните набавки и под - законската регулатива, имаат суштинско значење.

Државната комисија треба активно да го следи спроведувањето на законската рамка и да сигнализира за потребата од преземање мерки за подобрување или корекција на одредени одредби. Тоа ќе допринесе до подобрување на примената на законските решенија, преку отстранување на недостатоците кои се идентификувани во примена на Законот и неговите под законски акти.

## Резултати

1.5.1 Вклучување на Државната комисија во давање мислење по однос на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки и под законската регулатива на релевантните државни органи

Претставници на Државната комисија потребно е да земат учество при секоја измена и дополнување на Законот за јавните набавки и под законските акти со давање мислење по предложените решенија, како и давање сопствени иницијативи за соодветни измени во насока на подобрување на законската рамка.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

> Законот за изменување и дополнувања на Законот за јавните набавки е усвоен од Собранието на Република Македонија.

> Донесени измени и дополнувања или нови под законски акти кои се однесуваат на јавните набавки.

## Активност: 1.6

Интегритет и Антикорупциски мерки

Државната комисија со својата транспарентна и законита работа и со своите бројни активности се обидува да даде позитивен пример како може да се одбегнат корутпивните влијанија во сферата на јавните набавки.

## Резултати

1.6.1 Транспарентно работење

Дискреционите овластувања на оние кои одлучуваат за нечии права даваат простор за коруптивно однесување. Целосно пропишување на процедурата на Државната комисија во постапките за решавање на жалбите при доделување на договори за јавни набавки е еден од ефикасните начини на борба против корупцијата. Целата работа и сите активности на Државната комисија ќе бидат достапни на јавноста преку нејзината интернет ВЕБ - страна.

1.6.2 Специјални работилници за претставниците на приватниот сектор за важноста на интегритетот и штетноста на коруптивното однесување

Едукацијата на претставниците на приватниот сектор за штетното коруптивно однесување во јавните набавки, е потребно да биде пренесено преку специјализирани работилници кои би ги организирала самата Државната комисија или во соработка со релевантни институции.

1.6.3 Специјални работилници за претставниците на јавните медиуми и на невладините организации

Државната комисија треба да ги дели сите информации кои и стојат на располагање. Со ова се остварува една законска обврска, но ваквите работилници пред се би служеле за запознавање на

претставниците на медиумите и невладините организации кои се бават со темата јавни набавки, со работата на Државната комисија и нејзиното делување за подобрување на состојбите во системот на јавните набавки.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

> Подобрување на текстот на Деловникот за работа и одлучување на Државната комисија.

> Број на посетители на ВЕБ - страната.

> Број на одржани специјални работилници за претставниците на јавните медиуми и на невладините организации.

## Активност: 1.7

### Имплементирање на стандард за квалитет ИСО 9001:2008

Ако сакаме да изградиме соодветен став спрема квалитетот на услугите кои ги нудиме, мора да имаме квалитетен систем за управување. Тоа е она што ИСО 9001:2008 го бара и признава. Поради тоа, Државната комисија за жалби по јавни набавки е во фаза на имплементација на системот за управување со квалитетот, а врши и подготовки за избор на сертификационо тело кое ќе го изврши имплементирањето на стандардите за квалитет ИСО 9001:2008. Системот за управување со квалитет ќе придонесе за подигнување на квалитетот на услугите кои ги нуди Државната комисија за жалби по јавни набавки.

ИСО 9001:2008стандардот се однесува на менаџирање на квалитетот во организацијата, (риаМу тападетеп! sys!ет или скратено OMS). Со воспоставување на квалитетен систем за управување, се придонесува квалитетот да биде примарна цел и само така може да се достигне посакуваното ниво на квалитет. Важно е да се истакне дека организациите кои работат според барањата од ИСО 9001:2008, постојано вршат подобрување на својата работа преку континуирани мерења, анализи и подобрување на понудените услуги.

Кога Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе го добие сертификатот тоа значи дека ќе ги имаме јасно дефинирано процесите и процедурите, а тоа ќе им помогне на вработените полесно и побрзо да ги отстранат грешките кои се јавуваат со текот на работењето, како и полесно да ги совладаат работните обврски.

**Резултати**

1.7.1. Сертификација по ИСО 9001:2008, што ќе значи стандардизирани постапки во процесот на работење на Државната комисија за жалби по јавни набавки, а со тоа воедно подобрување на квалитетот во работата. Со воведувањето на овој стандард ќе се намалат и трошоците кои се создаваат, како резултат на зголемената ефикасност.

### Индикатори за постигнување на резултатот:

> Изработени процедури за секојдневното работење на комисијата согласно ИСО стандардите за квалитет 9001:2008 и имплементирање на истиот,

> Зголемена ефикасност на работењето пред и по имплементација на ИСО 9001:2008;

## Приоритетна цел: 2.

**Воспоставување, развој и одржување на информационен систем за планирање и управување со ресурсите на Државната комисија**

Една од најважните работи кај управувањето и контролата на операциите е управувањето со големи количини информации кои се генерираат за поединечните активности. Многу важно е сите релевантни информации да бидат достапни до сите во Државната комисија. На основа на овие информации подоцна можат да се донесуваат одлуки од типот кога некоја активност треба да започне, каде ќе се извршува, кој треба да ја изврши, колку ресурси се потребни за нејзино извршување, итн.

Од тие причини, а со цел за зајакнување на квалитетот, ажурноста и транспарентноста на работењето на Државната комисија која понатаму треба да доведе до подобрување и зајакнување на целокупниот систем на јавните набавки во Република Македонија, сметаме дека воведување на ваков интегриран информатички систем многу ќе ја подобри работата на Државната комисија.

### Активност: 2.1

Воведување на OMS - Оосител* Мападетеп* Sys1ет, Систем за управување со документи

Овој информационен систем ќе и овозможи на Државната комисија да може брзо, ефикасна и квалитетна работа со документите. Ваквиот систем овозможува брзо, точно пребарување и манипулација со сите документи, што е од особена важност за работата на Државната комисија, која во секојдневната работа оперира со огромен број поединечни документи. Со овој систем ќе се овозможи следење на документите од нивниот влез во писарницата, преку дистрибуција до надлежните службеници, следење на брзината и квалитетот на обработка на предметот, донесување одлука, решение и сл., негова експедиција, односно испраќање на оној кому е наменет документот и на крајот архивирање на документите.

### Резултати

2.1.1 Воведување електронска седница на Државната комисија (архивско работење - прием, заведување на предметот, нивна дистрибуција, обработка на предметите, нивно одлучување на

седница, пишување одлука - решение/заклучок, експедиција на одлуката и архивирање).

Прв чекор кон воспоставување на целосен систем за управување со ресурсите во Државната комисија секако би бил воведување на електронска седница, односно дигитализирање на најважниот дел од работењето на Државната комисија. Ова подразбира пред се изработка на Студија за изводливост на проектот, понатаму изработка на Идејно решение на проектот и на крајот имплементација на овој модул од информатичкиот систем на Државната комисија

2.1.2 Електронско работење (Портал на вработените (jn^гапе* и \-рог1а1 за надворешни корисници - ВЕБ - презентација)

1п1гапе1; Порталот ќе биде достапен само за вработените во Државната комисија и ќе содржи општи и посебни информации. Општите информации ќе бидат сите документи од значење за сите вработени во Државната комисија (правилници за работа, годишни одмори, Деловник,) и посебни информации за секој вработен (телефонски број, е-маил, лични податоци и документи), како и деловни календари, презентации од состаноци, семинари и друго како и форуми за размена на мислења.

Со воведување на првиот модул - електронска седница ќе се овозможи и дел од електронското работење, односно секојдневните активности на Државната комисија ќе можат на дневна основа да се објавуваат на ВЕБ - страната, каде ќе бидат достапни сите информации за вработените и за Државната комисија, како и секојдневно ажурирање податоците и соодветна презентација на Државната комисија

## Активност: 2.2

Воведување на систем за управување со човечки ресурси - HPMS (СУЧР)

Воведувањето на електронски систем за управување со човечки ресурси ќе даде огромна предност во процесите на вработување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија. Ова ќе овозможи натамошна професионализација и специјализација на вработените на полето на јавните набавки, зголемувањето на ефикасноста во планирањето и управувањето со човечките ресурси, кој ќе биде поврзан со Jn^гапеJ-от на кој ќе бидат публикувани сите потребни општи документи од значење за сите вработени.

## Резултати

2.2.1 - Вработување, кадровска евиденција, кариера, боледувања, одмори и отсуства, дисциплинска одговорност, стручно усовршување и обука, евиденција на присуство, службени патувања, надворешни соработници

Единствената база на податоци за секој вработен во Државната комисија ќе овозможи многу ефикасно искористување на човечките капацитети, особено во услови на ограничена можност за нови вработувања во Државната комисија

## Активност: 2.3

Воведување на електронски систем за финансиско - материјално работење

Преоѓање на целосно електронски начин на работа во сферата на финансиското и материјалното работење ќе и овозможи на Државната комисија за се посвети непречено на остварување на нејзината главна функција, а тоа е давање ефикасна и квалитетна правна заштита во системот на јавните набавки.

Овој систем ќе овозможи квалитетно и ефикасно управување со буџетот на Државната комисија.

## Резултати

2.3.1 Плати, главна книга, буџетско планирање и извршување, аналитика, благајна, контирање, основни средства, попис и управување со ситен инвентар, набавка, недвижности и друго.

Електронскиот систем ќе овозможи прецизна, брза и лесна работа на вработените во сметководството, и брзо и точно извршување на процесите.

2.3.2 Одржување (сервис, тековно одржување, одржување на хардвер и софтвер).

Важниот процес на следење на временските рамки за навремен сервис, и тековно одржување на опремата и одржување на софтверот ќе биде овозможен со имплементација на овој модул.

## Индикатори за постигнување на резултатот:

- > Изработен и имплементиран модул за електронска седница;
- > Зголемена ефикасност на работењето пред и по имплементација на проектот;
- > Намален број на отсуства и зголемена ефикасност во работата;
- > Намален одлив на вработени;
- > Навремена исплата на обврските кон добавувачите;
- > Точно и брзо планирање на средствата и нивна реализација;
- > Навремена исплата на платите и придонесите на вработените;
- > Прецизно сметководство;
- > Прецизна евиденција на основните средства;

> Број на посети на ВЕБ - страната;

> Намален број на сервисни интервенции;

> Навремена амортизација и замена на основните средства.

## Осврт кон досега постигнатите резултати

Работејќи на спроведувањето на законските надлежности, Државната комисија оствари значителни резултати на полето на зацртаните програмски активности во изминатиот период.

За својата работа во 2012 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки во март 2013 година поднесе Извештај до Собранието на Република Македонија, кој беше усвоен од страна на пратениците.

Државната комисија сеуште има потреба од вработување на лица во Одделението за решавање жалби по јавни набавки од единиците на локалната самоуправа, градот Скопје и јавните претпријатија како и во Одделението за информатички системи. Државната комисија и понатаму има недостаток и на соодветна информатичка опрема за редовно работење,бидејќи постоечката е веќе застарена и истата во блиска иднина ќе треба да се замени со нова и соодветна опрема,како би можеле непречено да се извршуваат работните обврски.

Државната комисија за жалби по јавни набавки воспостави одлична соработка и со Бирото за јавни набавки и со меѓународните институции на полето на јавните набавки присутни во Република Македонија „S10MA“ (Sирpoг1 ѓoг 1трго7етеп{ jп Оо^егпапсе апс1 Мападетеп*, а јоt! тШа1!Уе оѓ Ме ОЕСО апс1 №е Еигореап џпЈоп), Канцеларијата на Европската комисија во Скопје и Државната комисија за контрола на постапките за јавни набавки на Република Хрватска.

## Анализа на актуелните состојби Трендови на

## опкружувањето

Главните цели на системот на јавни набавки е единствена примена на постапката и транспарентност во доделувањето на договори за јавни набавки.

Основните принципи на системот на јавните набавки се еднаков третман на сите учесници во постапките на јавни набавки, промоција на конкуренција и одржлив економски развој, промоција на јавното - приватно партнерство со истовремено пропишување на квалитетна правна заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Регулирањето на односите меѓу јавниот и приватниот сектор е силен сигнал за компаниите за ја засилат својата конкурентност за да имаат подобри успеси во пазарната борба, а јавниот сектор во улога на организатор, користејќи ги принципите на добар стопанственик и промовирајќи еднакви можности за секого, ќе овозможи да се дојде до најоптималната пазарна понуда.

Учеството на јавниот сектор во трошењето бруто домашниот производ е од многу големо значење, и кој со трошењето големи финансиски средства има директно влијание, не само на економските активности, туку и на општеството во целина. Во насока на ова влијание да биде позитивно и стимулативно, државните органи и другите сектори потребно е да бидат што е можно поефикасни.

Квалитетниот систем на јавни набавки се обидува да обезбеди транспарентност во трошењето на јавните пари, и со квалитетна правна заштита и надзор над извршувањето на буџетот, да оневозможи своеволно користење на средствата на даночните обврзници.

Системот на јавни набавки во Република Македонија беше драматично засилен со донесувањето и почетокот на примената на новиот Закон за јавните набавки во 2008 година,измените на Законот за јавни набавки во 2011 година (пречистен текст на законот за јавни набавки-2012 год) како и со формирањето и почетокот со работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки, кој прогрес ќе биде видлив во годините кои следат. Воспоставување, примена и развој на добар и ефикасен систем на јавни набавки и неговата хармонизација со Европските директиви, ќе бидат една од главните преокупации на сите вклучени страни во овој процес. Поради воспоставувањето на новиот систем на јавни набавки се очекува во наредните години, да се вложи многу во едукација на оние кои ќе ги применуваат законските прописи во оваа област.

## SУУОТ (СВОТ) - Анализа на актуелната состојбата

Имајќи ги предвид организационата поставеност и делување како и надлежностите, може да се закпучи дека Државната комисија има воедно карактеристики и на судско и на административно тело. Државната комисија осигурува правна заштита врз основа на принципите на законитост, ефикасност, економичност и контрадикторност на постапката.

Со промоцијата на вредностите на новиот систем на јавни набавки, што воедно е и допирна точка на приватниот и јавниот сектор, треба да ја овозможи примената на принципот *„најдобра вредност за своите пари“.* Разбирајќи ја огромната важност за потребата од одговорно трошење на јавните пари, Државната комисија со својот транспарентен и законит начин на работа, промовира правна заштита за сите учесници во системот на јавните набавки.

Обезбедувањето ефикасна правна заштита во системот на јавни набавки придонесува за серија на економски и социјални придобивки и остварување на долгорочни цели мегу кои се и подолу наведените:

- Засилување на конкуренцијата на пазарот
- Засилувањето на финансиското менаџирање
- Борба против корупцијата
- Ограничување на административните бариери и зафаќања
- Зголемување на интересот на приватниот сектор за јавните набавки
- Обезбедување најдобра вредност за своите пари
- Еколошка заштита
- Стимулација на квалитетот

Зголемениот број на жалби, новите надлежности на Државната комисија, скратувањето на и онака малиот буџет, малиот број вработени стручни советници во стручната служба, можат да бидат сериозни закани по квалитетот на работата на Државната комисија.

| СЕГАШНОСТ | |
|---|---|
| **ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ)** | **НЕДОСТАТОЦИ (СЛАБИ СТРАНИ)** |
| Независна позиција на Државната комисија<br>Сопствени простории<br>Тимска работа<br>Добра организираност<br>Добра соработка со државните органи и асоцијациите на приватниот сектор<br>Сопствена презентација и соработка со медиумите | Ограничено финансирање<br>Зголемен број на жалби<br>Човечки ресурси (неможност на зголемување на бројот на вработените)<br>Опрема и софтвер<br>Често менување на законската регулатива<br>Ограничување во можностите за воспоставувањето на правна пракса |
| **ИДНИНА** | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| => Воведување професионализам во системот на јавни набавки<br>=> Воведување информационен систем за управување со процеси<br>=> Соработка со асоцијациите на приватниот сектор<br>=> Зголемена транспарентност на работата<br>=> Зајакнување на контролата на одлуките за доделување договори за јавни набавки<br>=> Соработка со сродни институции за правна заштита во ЕУ<br>=> Нови ЕУ фондови и проекти | Мал буџет<br>Зголемен број примени жалби<br>Недостаток на опрема<br>Недостаток на стручни советници<br>=> Силна перцепција за присуство на корупција во системот на јавни набавки |

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

| **Приоритетна цел 1**: Решавање на жалбите во постапките за доделување на договори за јавни набавки во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Што** | **Кога** | **Кој** | **Ресурси (човечки/финансиски)** |
| **Активност 1.1** Зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси на Државната комисија | 1.1.1 Организирање специјално дизајнирани семинари<br>1.1.2 Пост - дипломски студии<br>1.2.3.Конференции и семинари | 2014-2016 | Членови и стручни советници | Обезбедени преку сопствен буџет и меѓународни проекти |
| **Активност: 1.2** Надградба и континуирано одржување на воспоставената ВЕБ - страна на Државната комисија, базирана на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки | 1.2.1 Објавување на Деловодната евиденција на примените предмети по жалби<br>1.2.2 Објавување на сите одлуки по жалби на Државната комисија | 2014-2016 | Членови и стручни советници | Обезбедени преку сопствен буџет |
| **Активност: 1.3** Обезбедување на медиумско/јавно претставување и правилно разбирање на улогата на Државната комисија и нејзиното значење во системот на јавните набавки | 1.3.1 Изработка на Стратегија за комуникација и јавно претставување<br>1.3.2 Учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки | 2014-2016 | Државната комисија и домашен консултант<br>Членови и стручни советници | Средства ќе се обезбедуваат од донации или други извори<br>Обезбедени преку сопствен буџет |
| **Активност: 1.4** Учество во процесот на постојана обука и стручно | 1.4.1 Учество на членовите на Државната комисија и стручните | 2014-2016 | | |

v

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| усовршување на сите инволвирани страни во постапките за доделување договори за јавни набавки (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) | советници како во едукатори на приватниот и јавниот сектор на обуките организирани од страна на државните органи<br><br>1.4.2 Учество на членовите на Државната комисија и стручните советници како во едукатори на обуките кои ги организираат претставници на приватниот и невладин сектор, со цел на обука и лиценцирање на идни едукатори<br><br>1.4.3 Едукативен пристап во писмените образложенија на одлуките на Државната комисија | | Членови и стручни советници<br><br>Членови и стручни советници<br><br>Државната комисија | Обезбедени преку сопствен буџет |
| **Активност: 1.5** Учество во подобрувањето на правната рамка кој го уредува системот за јавни набавки во Република Македонија | 1.5.1 Вклучување на Државната комисија во давање мислење по однос на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки и под законската регулатива на релевантните државни органи | Тековно | Членови и стручни советници | Обезбедени преку сопствен буџет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност: 1.6**<br>Интегритет и Антикорупциски мерки | 1.6.1 Транспарентно работење<br><br>1.6.2 Специјални работилници за претставниците на приватниот сектор за важноста на интегритетот и штетноста на коруптивното однесување<br><br>1.6.3 Специјални работилници за претставниците на јавните медиуми и на невладините организации | Тековно<br><br>Тековно<br><br>Тековно | Државна комисија<br><br>Членови и стручни советници | Обезбедени преку сопствен буџет и меѓународни проекти |
| **Активност: 1.7 Имплементација на стандарди за квалитет ИСО 9001-2008** | 1.7.1 Сертификација со ИСО 9001-2008 | 2014 | Државна комисија и сертификационо тело | Средства побарани-планирани во сопствен буџет |
| **Приоритетна цел: 2.** Воспоставување, развој и одржување на информационен систем за планирање и управување со ресурсите на Државната комисија | | | | |
| **Активност: 2.1**<br>Воведување на PMS - Ооситеп! Мападетеп1 Sys1ет, Систем за управување со документи | 2.1.1 Воведување електронска седница на Државната комисија (архивско работење - прием, заведување на | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | предметот, нивна дистрибуција, обработка на предметите, нивно одлучување на седница, пишување одлука-решение/заклучок, експедиција на одлуката)<br><br>2.1.2 Електронско работење (Портал на вработените (Јпѓапе1 и портал за надворешни корисници - ВЕБ - презентација) | 2014-2016<br><br>2014-2016 | Надворешни консултанти | Обезбедени преку сопствен буџет и меѓународни проекти |
| **Активност: 2.2** Воведување на систем за управување со човечки ресурси - HKMS (СУЧР) | 2.2.1 - Вработување, кадровска евиденција, кариера, боледувања, одмори и отсуства, дисциплинска одговорност, стручно усовршување и обука, евиденција на присуство, службени патувања, надворешни соработници) | 2014-2016 | Надворешни консултанти | Обезбедени преку сопствен буџет и меѓународни проекти |
| **Активност: 2.3** Воведување на електронски систем за финансиско - материјално работење | 2.3.1 (Плати, главна книга, буџетско планирање, аналитика, благајна, контирање, основни средства, ситен инвентар, набавка, недвижности)<br><br>2.3.2 Одржување (сервис, тековно одржување, одржување на хардвер и софтвер) | 2014-2016<br><br>Тековно | Надворешни консултанти | Обезбедени преку сопствен буџет и меѓународни проекти<br><br>Обезбедени преку сопствен буџет |

Претседател,
Маја Малахова